**Влада на Република Македонија**
**Агенција за остварување на**
**правата на заедниците**

**НАСЛОВ:** ***Извештај за работата на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2010 година***

**ПОТПИС:** ______________________________

**Скопје, март 2011 година**

СОДРЖИНА НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

1. Вовед.......................................................................................................*4*

2.Извештај за спроведени јавни набавки. ..............................................................5

3.Извештај за спроведени постапки за вработување ..........................................5

4. Проекти, соработка, работи во комисии и меморандуми за соработка.....6

5.Извештај за учество на вработените на обуки................................................10

6.Финансиско работење. ........................................................................................11

# ВОВЕД

Агенцијата за остварување на правата на заедниците е основана со Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РМ (Службен весник на РМ бр.92/08 од 22.јули 2008 год) заради следење на остварувањето и унапредувањето, заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% и надзор над спроведувањето на одредбите на законите со кои се утврдени тие права.

Агенцијата за остварување на правата на заедниците е самостоен орган на државната управа во својство на правно лице со седиште во Скопје, чии основни надлежности се остварување и унапредување на правата на заедниците од областа на вработувањето, согласно со принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, употреба на јазикот, образование (основно, средно и високо), културата и други области во кои со закон се утврдени правата на припадниците на заедниците.

Агенцијата својата надлежност ја спроведува врз основа на начелата на законитост, транспарентност, еднаквост, одговорност и правичност.

Во согласност со член 12 став 2 од Законот за унапредување и заштита на правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РМ, Директорката на Агенцијата го поднесува иследниот извештај за работа:

1. Извештај за спроведени јавни набавки,
2. Извештај за спроведена постапка за вработување,
3. Проекти, соработка, работа во комисии и меморандуми за соработка,
4. Извештај за учество на вработените на обуки,
5. Финансиско работење на Агенцијата за 2010 година

## 1.Извештај за спроведени јавни набавки

Во Агенцијата за остварување на правата на заедниците во текот на 2010 година се спроведени две постапки за јавни набавки без објавување на оглас и тоа:

- Набавка на мебел за опремување на Агенцијата во висина од 362.188,50 денари со вклучен ДДВ
- Набавка на лиценциран софтвер за потребите на Агенцијата во висина од 85.050,00 денари со вклучен ДДВ
- Со одлука на Влада на РМ, на Агенцијата за остварување на правата на заедниците и беше доделена информатичка опрема.

## 2.Извештај за спроведени постапки за вработување

Во Агенцијата за остварување на правата на заедниците се спроведени две постапки за вработување на државни службеници.Во првата постапка се вработени два државни службеника ,и тоа:

- **Владимир Стојановиќ**, со звање **Раководител на одделение за управување со проекти и меѓународна соработка**, решение број 03-212/9 од 16.02.2010 година;
- **Ајбеан Имами** со звање **Советник за буџетска координација**, решение број 03-212/8 од 16.02.2010 година

Во втората постапка исто така во Агенцијата се вработени два државни службеника ,и тоа:

- **Лејла Кардовиќ**, со звање **Советник за меѓународна соработка** , решение број 04-145/11 од 26.07.2010 година;
- **Сеад Садикоски**, со звање **Виш соработник за правни работи**, решение број 04-145/12 од 26.07.2010 година.

## 3. Проекти, соработка, работа во комисии и меморандуми за соработка

Агенцијата за истварување на правата на заедниците во текот на 2010 година ги реализираше следните проекти:

1. ***ПРОЕКТ ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ***.

Агенцијата за остварување на правата на заедниците во тек на 2010 година реализира дел од проектот за јакнење на капацитетите на АОПЗ преку посета на Експертот за човекови и малцински права Г-динот Алан Филипс чие што доаѓање беше со цел да се направи проценка на капацитетите на АОПЗ и ниво на соработка со сите релевантни субјекти. ОБСЕ во Република Македонија. Г-динот Филипс и представниците на Агенцијата за остварување на правата на заедниците во рамки на проектот ги посетија Агенцијата за државни службеници, Секретаријат за европски прашања, Секретаријат за спроведување на рамковен договор, Советот за радиодифузија, Управа за унапредување и заштита на културата на припадниците на заедниците, Управа за афирмирање и заштита на образованието на припадниците на заедниците, Народниот правобранител, Министерот без ресор Неждет Мустафа, Бирото за образование, МТВ2, Општините Чаир, Студеничани, Штип, Дебар, Куманово и Старо Нагоричане, Канцеларијата на Обединети нации, Канцеларијата на Совет на Европа, Мисијата на ОБСЕ, Делегацијата на Европска Унија и со представниците на граѓанските здруженија од заедниците во Македонија Конечниот извештај беше доставен во Јануари 2011 година. Извештајот ќе се искористи за втората фаза на проект која ќе се реализира во текот на 2011 година чија цел е зајакнување на капацитетите на АОПЗ преку давање на обуки на вработените и граѓански организации од заедниците и реализирање на Кампања за попис на население во Република Македонија. Носители на проектот ќе бидат АОПЗ и Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија, а проектот во целост ќе биде финансиран од Мисијата на ОБСЕ во Македонија.

2. ***ПРОЕКТ ПОДОБРУВАЊЕ НА МЕЃУЕТНИЧКИ ДИЈАЛОГ И СОРАБОТКА***

Агенција за остварување на правата на заедниците активно се вклучи во повеќегодишна програма на Обединетите Нации во партнерство со Секретаријатот за спроведување на охридскиот рамковен договор, наречен ***„Подобрување на меѓуетничкиот дијалог и соработка„***. Овој проект има за цел унапредување на мултиетничкиот дијалог и соработка и во него покрај Агенцијата се вклучени и, Министерство за локална самоуправа, Собранискиот Комитет за односи меѓу заедниците, представници од локалните самоуправи од Кичево, Куманово и Струга и повеќе граѓански организации. Во рамки на овој проект Агенцијата за остварување на правата на заедниците учествуваше на повеќе работилници и едно студиско патување во Унгарија и Романиа во организација на УНДП.

3. ***ПРОЕКТ ПАНЕЛ ДИСКУСИЈА МЕДИУМИ И ЗАЕДНИЦИ – ТРЕНДОВИ И ПРЕДИЗВИЦИ***

Во организација на Агенцијата за остварување на правата на заедниците и Информативната канцеларија на Советот на Европа во просториите на ЕУ Инфо Центарот се одржа Панел дискусија на тема „Медиумите и заедниците – Трендови и предизвици“. На панел дискусијата на присутните им се обратија со поздравни говори г-ѓа Гордица Каранфиловска Претставник од Кабинетот на Претседателот на

Република Македонија, Амбасадор Ерван Фуере, Специјален претставник на Европската Унија и Шеф на Делегацијата на Европската Унија, г. Неждет Мустафа, Министер без ресор во Владата на РМ, г. Ѓорѓи Јовановски, Совет на Европа и Директор на Агенција за остварување на правата на заедниците г-ѓа Весна Бабиќ-Петровски. На панел дискусијата земаа учество и г. Фарук Омерагиќ, Заменик Претседател на Советот за радиодифузија на тема „Улогата на Советот за радиодифузија во обезбедување на пристап кон медиумите, слобода и плурализам во изразувањето и законската рамка"
г. Еран Хасип, Заменик Директор на вториот програмски сервис на МТВ на тема „Улогата на вториот програмски сервис во остварување на правата на информирање на заедниците"
г. Миро Орландиќ, Мрежа на мулти-културно општество на тема „Информираност на помалите заедници на својот мајчин јазик"
г. Муртеза Сулооџа, Главен уредник на неделникот Јени Балкан на тема „Иднината на печатените медиуми на помалите заедници во РМ"
г-ѓа Зубејда Ахмед, Заменик директор на третиот програмски сервис на МРА и г. Горан Русиќ ,Радио новинар на тема „Радио програма на јазиците на заедниците"
Уредник на српската редакција на МТВ Г-ѓа Биљана Тодоровиќ, Уредник на турската редакција на МТВ г.Седат Азизоглу, Уредник на влашката редакција на МТВ Г-ѓа Јана Михаилова на тема „Застапеност на помалите заедници во медиумите во Република Македонија"
Директорката на Агенцијата за остварување на правата на заедниците Г-ѓа Весна Бабиќ-Петровски во своето излагање се осврна на улогата на Агенцијата како и централните полиња на дејствување во наредниот период. Целта на панел дискусијата беше да се лоцираат проблемите од областа на информирањето на заедниците, кои се провлекуваат со години наназад без некое значајно подобрување. Исто така беше истакнато дека Агенцијата ќе даде свој допринос за подобрување на информирање на заедниците на свој јазик како што се турски, српски, ромски, бошњачки и влашки јазик, но и на јазиците на останатите заедници како што се хрватската, црногорската, руската, словенечката, египќанската и останатите заедници во Македонија.

### 4. *ДЕН НА МУЛТИЕТНИЧНОСТ*

Во организација на Агенцијата за остварување на правата на заедниците, Мрежа за мултикултурно општество и Канцеларија на Советот на Европа во Македонија на 14.05.2010 година во ЕУ Инфо центарот се одржа трибина на тема Современиот мултикултурализам во Македонија. На трибината активно учество земаа Заменик директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците г-дин Кадир Салих, Министер без ресор г-дин Неџдет Мустафа, пратеник во собрание на РМ и Претседател на Комитетот за односи меѓу заедниците г-дин Џеват Адеми, Претседателот на Мрежата за мултикултурно општество г-дин Мирољуб Орландиќ, проф. Др.Рубин Земон како представници на граѓански организации и медиуми.

## СОРАБОТКА И РАБОТА ВО КОМИСИИ:

**1.** Претставник од Агенцијата за остварување на правата на заедниците учествуваше на консултативен состанок за изработка на Заедничка програма за правата на заедниците во Западен Балкан организиран од Европска Унија и Совет на Европа а беше одржан во Р.Црна Гора.Заедничката програма ќе ги вклучи сите

корисници на ИПА фондовите: Македонија, Албанија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска и Косово.
Овој претпроектен консултативен состанок со претставниците на земјите корисници кои се занимаваат со унапредување и заштита на правата на заедниците на Западен Балкан, беше предвиден како неформална размена на приоритети и интереси помеѓу заинтересираните страни кои ќе се вклучат во натамошниот проект.

Целта е да се утврдат потребите и прашањата за кои се пројавува загриженост кај оние органи кои се занимаваат со заштита и унпредување на човековите права, посебно на полето на правата на припадниците на заедниците и како тие би можеле да се решат со регионалниот проект.

Во фокусот на неформалниот консултативен состанок беше почитувањето на правата на заедниците во пракса во склад со европските стандарди, вклучувајќи и андтидискриминациони норми и стандарди.
Долгорочната цел на идниот проект е подигање на свеста за важноста на правата на заедниците, како предуслов за интеграција на регионот во ЕУ.

**2.** Директорот на Агенцијата за остварување на правата на заедниците Г-ѓа Весна Бабиќ-Петровски и еден представник од Агенцијата го посетија Министерството за човекови и малцински права во Р.Србија. На работната посета се реализираа средби со Г-дин Петра Антиќ – Помошник на министерот, Г-ѓа Бела Ајзенбергер – Помошник на министерот и Г-дин Анико Мушкиња Хајнрих – Државен секретар. На состанокот се разговараше за механизмите за заштита на правата на заедниците во Република Србија и нивните искуства на тоа поле како и за можностите за идна соработка помеѓу овие институции.

**3.** Заедничка делегација на Центарот за иселеници на Црна Гора и Заедница на Црногорците во Република Македонија ја посетија Агенцијата за остварување на правата на заедниците. Делегацијата на Центарот ја сочинуваа Директорот Др Милан Вукчевиќ, Претседателот на управниот одбор Г-дин Зувдија Хоџиќ, и Советникот Г-ѓа Елвира Бектеши. Заедницата на Црногорците во Република Македонија ја сочинуваа Г-дин Мирољуб Орландиќ и Г-дин Насер Хот. Целта на овој состанок беше меѓусебно запознавање како и презентација на програмите на Центарот и Агенцијата за остварување на правата на заедниците, во делот кој се однесува на правата на црногорската заедница во Македонија.

**4.** Реализирана е средба помеѓу претставниците на Агенцијата за остварување на правата на заедниците и делегацијата на Република Турција предводена од Гувернерот на Мезитли г-дин Камил Киџироглу . Како дел од делегацијата на средбата беа присутни и претседателот на стопанската комора на Мерсин, како и група на угледни бизнисмени. За време на посетата Делегацијата се запозна со активностите и целите на Агенцијата, при што беа водени и разговори за повеќе проекти кои што би се реализирале во блиска иднина во соработка помеѓу Агенцијата и Мезитли Кајмакамлик.

**5.** Агенцијата за оставрување на правата на заедниците реализира состанок со претставниците на Советодавниот комитет на Рамковна Конвенција за национални малцинства на Советот на Европа. Делегацијата ја сочинува г.Кристоф Зиман, член на Секретаријатот на РКНМ, г-ѓа Анастасија Крикли, член на Советодавниот комитет од Ирска, г-ѓа Едита Зиобен, член на Советодавниот комитет од Литванија и г-ѓа Милена Клајнер, член на Советодавниот комитет од Хрватска. каде беа презентирани

реализираните активности во 2010 година како и планираните активности на Агенцијата за наредниот период.

**6.** Агенцијата за остварување на правата на заедниците ја посети Експертската оценска мисија на Европската Комисија во областа на „Правда, слобода и безбедност„ на која беа презентирани активностите на Агенцијата и остварениот напредок во однос на остварување и заштита на правата на заедниците во Р.Македонија.

**7.** Агенцијата за остварување на правата на заедниците ја посети Собраниска делегација на Р.Србија во состав г-дин Милорад Буха – Српска Радикална Странка, г-дин Горан Стефановиќ – Колалиција За Европска Србија и г-дин Синиша Стаменковиќ- Партија на пензионерите. Делегацијата беше педводена од страна на Амбасадорот на Република Србија во Република Македонија Н.Е. Томислав Ѓурин. На состанокот се разговараше за положбата на српската заедница во Македонија како и за активностите на Агенцијата на полето на заштита на заедниците.

**8.** Како фаза од проектот на УНДП„Подобрување на меѓуетничкиот дијалог и соработка" реализиран е работен состанок со ЦССП (германска невладина организација) за заедничка реализација на дел од проектот. Целта на проектот е зајакнување на соработка меѓу локалото и централното ниво и подобрување на меѓуетнички односи.
Активностите започнуваат во февруари 2011 година, а се однесуваат на реализација на обуки за подобрување на соработка меѓу централно и локално ниво, медијација и мониторинг и евалуација. На состанокот од страна на ЦССП учествуваа Др. Дитер Волкевиц , Др Кристина Штенер Менаџер и Г-дин Кујтим Деари

**9.** Агенцијата за остварување на правата на заедниците активно учествуваше во Советодавниот Комитет за изработка на анализа за состојбите со дискриминација по основ на етничка припадност како дел од проектот на Мисијата на ОБСЕ во Македонија и МЦМС. Како резултат на оваа активност изработена е Програма за работа 2011-2013 на Националното координативно тело за недискриминација.

**10.** Агенцијата за остварување на правата на заедниците учествуваше во работа на Меѓувладината мешовита комисија за спроведување на спогодбата за заштита на македонското малцинство во Хрватска и хрватското малцинство во Македонија.

**11.** Во тек на 2010 година Агенцијата за остварување на правата на заедниците оствари соработка и со голем број на Амбасади во Република Македонија, голем број на меѓународни организации и меѓународни и домашни граѓански организации и беше вклучена во повеќе настани, манифестации како и обележување на националните празници на заедниците во Република Македонија.

## МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА:

Потпишан е Меморандум за сорабтока помеѓу Агенцијата за остварување на правата за заедниците и Мисијата на ОБСЕ во Р.Македонија. Цел на Меморандумот е Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за остварување на правата на заедниците со подршка на Мисијата на ОБСЕ во Р.Македонија

Потпишан е Меморандум за разбирање помеѓу Агенцијата за остварување на правата на заедниците и Здружението на Граѓани за развој на Демократија Иницијатива за

Европска Перспектива представувана од Г-дин Лазо Маџовски. Целта на Меморандумот е имплементација на Проектот „Акција на граѓанското општество за подигање на свеста и толеранцијата„ финансиран од страна на Европската Комисија.

Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Агенција за остварување на правата на заедниците и Центарот за истражување и креирање на политики од Скопје за проектот „Кон целосна имплементација на Охридскиот рамковен договор: Одржување на добри меѓуетнички односи и соживот врз принципите на меѓусебна толеранција и почит и подеднакво спроведување на законот„

## 4.Извештај за учество на вработените на обуки

Во текот на 2010 година вработените во Агенцијата за остварување на правата на заедниците учествуваа на следниве обуки:

- "**Развивање на управувачките способности на раководни државни службеници"** (серија на различни обуки кои се спроведени од март-декември 2010 година), организирани од Агенција за државни службеници. На обуката присуствуваше еден државен службеник од Агенцијатаза остварување на правата на заедниците
- **"Управување со проектен циклус"** со траење од 10 месеци почнувајќи од март, организирана од Агенција за државни службеници .На оваа обука присуствуваше еден државен службеник .
- **"Обука за доследна примена на Законот за Општа управна постапка ,постапувањето по претпоставките и предлозите и постапување по прописи за канцелариско работење**".На обуката присуствуваа два државни службеника од Агенцијата за остварување на правата на заедниците.
- Серија обуки на тема **„Регистар на државни службеници**„ организирана од страна на Агенција за државни службеници на која присуствуваше еден државен службеник
- Обука за Изготвување на Годишен извештај за квалитети состојба на систем на финансиски менаџмент и контрола за 2009 година организирана од Министерство за финансии во рамки на МИТРА проектот„**Зајакнување и имплементација на јавна внатрешна финансиска конторла на централно ниво„** на која учествуваше еден државен службеник.
- Обука на тема **"Управување со буџет и финансии**" организирана од страна на Агенција за државни службеници:На оваа обука учествуваше еден државен службеник од Агенцијата за остварување на правта на заедниците
- Обука на тема "**Антикорупциски мерки и етика во државната служба**" во организација од Агенција за државни службеници, и на оваа обука присуствуваше еден државен службеник од Агенцијата за остварување на правата на заедниците.
- Обука на тема "**Постапка за селекција и вработување на државни службенци**", организирана од страна на Агенција за државни службеници , и на оваа обука присуствуваше еден државен службеник од Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

## 5. Финансиско работење

Средствата за извршување на функцијата на Агенцијата за остварување на правата на заедниците се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија, која во 2010 година изнесуваше 8.917.000 денари. Средствата во износ од 6.868.000 денари беа планирани за тековни расходи (плати, стоки и услуги и др.), додека 2.231.000 денари за капитални расходи (за купување на мебел и опрема, како и софтфер). Буџетот е реализиран со 67 %, односно реализирани се расходи во износ од 5.949.730 денари. Ниската реализација на буџетот се должи на ниската реализација на ставките за капитални расходи, кои се реализираа со 31 %. Тековните расходи се реализираа со 79 % што се проценува како исклучително совесно користење на средствата и соодветно квалитетно буџетско планирање. Подолу е даден табеларен и графички приказ на расходите во 2010 година.

| БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ од 01.01.2010 до 31.12.2010 година (во мкд) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **О п и с** | **Реализација** | **Буџет (ребаланс)** | **% на реализација** |
| | **РАСХОДИ (вкупно)** | **5,949,730** | **8,917,000** | **67%** |
| **1** | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **5,269,113** | **6,686,000** | 79% |
| **1.1** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **3,555,880** | **4,055,000** | 88% |
| **1.2** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | |
| **1.3** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1,713,233** | **2,631,000** | 65% |
| 1.3.1 | Патни дневни расходи | 67,138 | 140,000 | 48% |
| 1.3.2 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 759,068 | 895,000 | 85% |
| 1.3.3 | Материјали и ситен инветар | 92,590 | 102,000 | 91% |
| 1.3.4 | Поправки и тековно одржување | 212,934 | 232,000 | 92% |
| 1.3.5 | Договорни услуги | 428,555 | 931,000 | 46% |
| 1.3.6 | Други тековни расходи | 152,948 | 205,000 | 75% |
| 1.3.7 | Привремени вработувања | 0 | 126,000 | 0% |
| **2** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **680,617** | **2,231,000** | 31% |
| 2.1 | Купување на опрема и машини | 202,750 | 203,000 | 100% |
| | Градежни објекти | 30,628 | 31,000 | 99% |
| | Купување на мебел | 362,189 | 1,847,000 | 20% |
| 2.2 | Вложувања и нефинансиски средства | 85,050 | 150,000 | 57% |
| | **ПРИХОДИ** | **5,949,730** | | |
| **1** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **5,949,730** | | |
| 1.1 | Трансфери од други нивоа на власт | 5,949,730 | | |
| 1.2 | Донации од странство | | | |


РАСХОДИ во 2010 година
11%
29%
60%
0%
ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ
РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ
СТОКИ И УСЛУГИ
КАПИТАЛНИ РАСХОДИ


Буџет 2010, реализација
мкд
9,000,000
8,000,000
7,000,000
6,000,000
5,000,000
4,000,000
3,000,000
2,000,000
1,000,000
0
РАСХОДИ (вкупно)
ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ
РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ
СТОКИ И УСЛУГИ
КАПИТАЛНИ РАСХОДИ
Расходи
Буџет (ребаланс)